„Верата е советување“

Од Темим ед-Дари, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Верата е советување“ Прашавме: „За кого?“, а тој одговори: „За Аллах, за Неговата Книга, за Неговиот пратеник, за водачите на муслиманите како и за сите останати муслимани.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни кажува дека верата е условена од искреноста и вистината, и таква ќе се практикува како што наредил Аллах, потполно, без измама или непотполност. Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, е запрашан: „За кого е советот?“, на што тој одговорил: Прво: искреност кон Аллах, субханеху ве теала, искрено извршувајќи ги наредбите, не придружувајќи Му друго божество, да веруваме дека Тој е Господарот, Кој смее да се обожува, потврдувајќи ги Неговите имиња и својства, да ја сметаме Неговата наредба за возвишена, и да повикуваме во верувањето во Него. Второ: советување за Аллаховата Книга-Куранот: така што ќе веруваме дека е говор на Аллах, и Негова последна Книга, дека тој ги дерогира сите дотогашни верозакони, да го сметаме за возвишен говор, исправно да го учиме, да работиме според неговите прописи, да веруваме во помалку јасните ајети, да го браниме од сите што го искривуваат неговото значење, да земаме од неговите пораки, да ги шириме неговите знаења и да повикуваме кон него. Трето: советување за Неговиот пратеник Мухаммед, салаллаху алејхи ве селем: така што ќе сметаме дека тој е последниот Пратеник, да веруваме во тоа за кое нè известил, да ги почитуваме неговите наредби и да ги избегнуваме неговите забрани, да не го обожаваме Аллах освен на оној начин како што тој ни кажал, да го почитуваме него како и правото кое го има кај нас, да го шириме неговиот повик, неговиот верозакон, и да го одбраниме од разните измислици упатени кон него. Четврто: советување кон водачите на муслиманите: помагајќи ги во добро, и да не им се спротивставуваме, да им бидеме послушни и покорни во сето она што претставува покорност кон Аллах. Петто: совет и искреност кон муслиманите: со убаво однесување кон нив и повикување да прават добрини, да не им нанесуваме штета, и да им посакуваме добро, да си помагаме во добродетелство и во богобојазливост.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4309